02-891/3
26-11-25

Врз основа на член 14 став (1) алинеја 7 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/2024, 224/2024, 3/2025 и 144/2025) и Одлуката (бр.02-891/2 од 01.08.2025г.), Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство на 93-та седницата одржана на 26 ноември 2025 година, донесе

**ТАРИФНИК**
**за изменување и дополнување на Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците на Агенцијата за цивилно воздухопловство**
**(бр.02-1132/4 од 26.12.2024г.)**

**Член 1**

Во Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците на Агенцијата за цивилно воздухопловство (бр.02-1132/4 од 26.12.2024г.) во точка 2.2.4 „Надоместоци за воздухопловно-спортски активности" член 15 се менува и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| OPS 2.12 | | Висината на надоместокот за издавање на одобрение за организирање на воздухопловна манифестација изнесува 100 евра/(6.180 ден). |
| OPS 2.13 | | (1) Висината на надоместокот за издавање на одобрение за организирање на меѓународен натпревар со повеќе од 200 учесници изнесува 400 евра/(24.720 ден), со помалку од 200 учесници но не помалку од 100 учесници изнесува 200 евра/ (12.360 ден.), со помалку од 100 учесници но не помалку од 50 учесници изнесува 100 евра/ (6.180 ден) и со помалку од 50 учесници изнесува 50 евра/ (3.090 ден.). |
| OPS 2.14 | | (2) Висината на надоместокот за издавање на одобрение за организирање на национален натпревар изнесува 50 евра/(3.090 ден). |

**Член 2**

Овој Тарифник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува од 1 декември 2025 година.

**Претседател на Управен одбор,**

**Раим Бајрами**